Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-477/2

02-09-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-477/1 од 28.6.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] против Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Општина Гази Баба и Меѓуопштински центар за социјална работа Бутел, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност, религија или верско уверување и семејна или брачна состојба во областа на образование, социјална сигурност и правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08-477/1 од 28.6.2024 година поднесена од [redacted] против Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Општина Гази Баба и Меѓуопштински центар за социјална работа Бутел ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 28.6.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Општина Гази Баба и Меѓуопштински центар за социјална работа Бутел за сторена дискриминација во областа на врз основа на етничка припадност, религија или верско уверување и семејна или брачна состојба во областа на образование, социјална сигурност и правосудство и управа.

Подносителката на претставката тврди дека веќе 6 години е дискриминирана од страна на повеќе институции и државни органи во државата. Имено, наведува не ѝ се доделува социјална помош бидејќи живее со нејзината мајка и дека иако побарала, не ѝ бил доделен социјален стан. Исто така наведува дека во 2022 година побарала стипендија од Министерството за образование и наука бидејќи била одлична ученичка во гимназијата „Зеф Љуш Марку“ и во социјален ризик, но не добила. Во оваа насока истакнува и дека веќе пет години не ја примаат на Факултетот за исламски науки бидејќи нема финансиски средства, а на еден наврат ѝ биле побарани околу 400 евра од страна на вработена во факултетот.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*".

Директната дискриминација е дефинирана во член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа*".

При разгледување на претставката, согласно наводите и барањата од неа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за прашања кои не спаѓаат во нејзина надлежност.
Имено, за да постои дискриминација, потребно е да станува збор за нееднаков третман кон одредено лице, во однос на друго лице во споредлива ситуација и притоа истото да е засновано на некоја дискриминаторска основа. Во конкретниот случај подносителката на претставката не изнесе факти и околности кои укажуваат на сторена повреда на право врз дискриминаторска основа, ниту пак посочи лице или група на лица во однос на кои таа била третирана понеповолно.

Оттука, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

Скопје
02.09.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:
- [redacted]



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk